Информации за

# семејствата
и
# негувателите

на луѓето болни
од душевна болест

Information for Families and Carers
of People with a Mental Illness

Macedonian

State Government Victoria

# Информации за семејствата и негувателите на луѓето болни од душевни болести

Јули 2002 г.

Препечатено во ноември 2002 г.

**Огранок за душевно здравје**
**Оддел за општествени служби**

Macedonian

Издава Metropolitan Health and Aged Care Services Division

Оддел за општествени служби на Владата на Викторија
Мелбурн, Викторија

Јули 2002 г.
Преиздадено во ноември 2002 г.

© Авторско право: Држава Викторија, Оддел за општествени служби, 2002 г.

Ова издание е заштитено со авторско право. Ниеден негов дел не може да биде искористен освен во согласност со условите од Законот за авторски права од 1968 г. (Copyright Act 1968).

(0470502)

## Благодарност

Многу им благодариме на сите што придонесоа кон овој материјал со своите идеи и препораки, особено на негувателите на луѓе болни од душевни болести.

# Содржина


| | |
|---|---|
| **Вовед** | **1** |
| Кои лица се негуватели? | 2 |
| Како да ги најдете соодветните служби и поддршка | 2 |
| **Негувателите и системот за душевно здравје** | **5** |
| Правата и одговорностите на негувателите | 5 |
| Национални стандарди за душевно здравје | 6 |
| Правилник на Викторија за негуватели | 6 |
| **Поддршка за негуватели** | **11** |
| Групи за поддршка на негуватели | 12 |
| Застапување | 18 |
| **Државни служби за душевно здравје** | **20** |
| Пристап до клинички служби за душевно здравје | 22 |
| **Други корисни служби** | **29** |
| **Додаток 1. Описи и кратенки** | **33** |

# Вовед

Семејствата и пријателите играат многу важна улога во поддршката на луѓето што страдаат од тешки душевни болести. Тие се важни партнери на службите за душевно здравје во подобрувањето на здравјето и благосостојбата на луѓето за кои се грижат.

Знаеме дека душевната болест не го засега само болното лице, туку и лицата што се загрижени за неговата благосостојба. Влијанието врз другите се разликува во зависност од тежината, текот и исходот на болеста, како и од животните околности на поединците и на нивните семејства и пријатели.

Можеби сте член на семејството или пријател и му пружате поддршка и помош на ваш пријател или роднина, или можеби само сте загрижени за благосостојбата на вашиот пријател или роднина и заинтересирани да дознаете повеќе за тоа каква помош стои на располагање.

Ако е таков случајот, можеби оваа книшка ќе ви се види корисна.

Оваа книшка дава информации за:

- Поддршката, службите и информациите што им стојат на располагање на семејствата и пријателите на луѓето со тешки душевни заболувања.
- Државниот систем на служби за душевно здравје.
- Што треба да очекувате кога му помагате на роднина или пријател да користи служба за душевно здравје.
- Корисни поединости за јавување за натамошни информации.

Оваа книшка не дава информации за душевните болести, за можностите за лекување или за тоа со какви чувства или проблеми веројатно ќе се соочите кога имате член на семејството или пријател болен од душевна болест. Ако сакате таков вид информации, разговарајте со персоналот во службата за душевно здравје каде што се лекува вашиот пријател или роднина или јавете се во службата за заемна поддршка и самопомош (погледнете на страница 11).

## Кои лица се негуватели?

Надлежните власти и многу служби го користат зборот „негувател“ за да ги означат членовите на семејството и пријателите на лицето што боледува од душевна болест и чии животи се исто така засегнати од душевната болест.

Многу негуватели всушност никогаш не се сметале себеси  за негуватели. Може да се работи за родител на лице со душевна болест или за возрасно лице што се грижи за својот партнер, родител или пријател со тешка душевна болест. Дете што придонесува кон негувањето на членови на семејството што страдаат од душевна болест исто така може да биде негувател. Многу луѓе спаѓаат во негуватели затоа што тоа го гледаат како проширување на нивната одговорност во рамките на врската што ја имаат со болното лице. Негувателите не мора секогаш да живеат со лицето за кое се грижат. Исто така е важно да се сфати дека улогата на негувател со текот на времето може да се смени.

## Како да ги најдете соодветните служби и поддршка

Службите за лица заболени од душевна болест се дел од поширокиот систем на здравствени служби. Многу луѓе со душевна болест добиваат поддршка од приватни психијатри, психолози, општи лекари и други професионални здравствени лица. Оваа книшка не ги опфаќа услугите што ги пружаат службите за основна нега ниту пак приватниот сектор за здравствена нега.

Специјалистичките услуги за душевно здравје за луѓе болни од тешки душевни болести се пружаат преку Државниот систем на служби за душевно здравје на Викторија. Овој систем има поголем број составни делови кои настојуваат да обезбедат сеопфатна клиничка поддршка и поддршка за онеспособеност за луѓе со тешки душевни заболувања.

- Клиничките услуги вклучуваат услуги за пациенти што лежат во болница, лекување во заедницата и услуги во домови.
- Службите за онеспособени лица вклучуваат програми за дневен престој, поддршка во домот, одмена во негата и програми за сместување.

Постојат различни служби за деца и младинци, за возрасни лица и за постари лица. Повеќето услуги во врска со душевното здравје им се даваат на лица во одредена средина или географско подрачје. Услугите може да бидат организирани во зависност од:

- Регионите на Одделот за општествени служби - Department of Human Services (има девет региони); или
- Подрачјата на служби за душевно здравје (Mental Health Service Areas) - тие најчесто се наоѓаат во подрачјата на локалната власт. Услуги на возрасни лица им пружаат 21 од тие служби. Услугите за деца, младинци и постари лица се организирани малку поинаку.

Во повеќето случаи овие услуги може да ги користите само во регионот или подрачјето на служби за душевно здравје во кое живеете вие или лицето за коешто се грижите. Затоа е корисно да го знаете името на вашето подрачје на служби за душевно здравје. Би требало персоналот во службата во која одите да може да ви ја даде таа информација. Именикот на Службите за душевно здравје (Mental Health Services Directory) на местото на интернет на Одделот за општествени служби на *www.health.vic.gov.au/mentalhealth* исто така може да ви помогне да дознаете кое е вашето локално подрачје на служби за душевно здравје. Ако немате пристап до интернет, јавете се во локалната регионална канцеларија на Одделот за општествени служби што е наведена во белиот телефонски именик и прашајте кое е лицето за контакти за душевно здравје.

Овој документ дава информации за видовите на служби што може да ви помогнат вам и на лицето за кое се грижите. Бидејќи телефонските броеви, имињата на службите и местата каде што тие се наоѓаат одвреме-навреме се менуваат, не се наведени сите поединости за контакти.

Таму каде што ја зедовте оваа книшка би требало да може да се набави и краток преглед на броевите за јавување на службите за душевно здравје во вашето подрачје.

Телефонските броеви на службите за душевно здравје во заедницата исто така може да ги добиете ако се јавите во вашата локална болница чиј телефонски број е наведен во белиот телефонски именик. Вашата болница исто така би требало да е во можност да дава информации и после работното време.

Ако нема список на броеви за јавување, таков список ќе може да добиете:

- Ако го прашате службеникот што го води случајот (case manager) или дежурниот работник (duty worker) во службата за душевно здравје во заедницата;
- Ако го пребарате Именикот на Служби за душевно здравје на *www.health.vic.gov.au/mentalhealth;*
  или
- Ако се јавите во Огранокот за душевно здравје (Mental Health Branch) на 9616 8592.

# Негувателите и системот за душевно здравје

## Правата и одговорностите на негувателите

Во книшката *Права и одговорности за душевното здравје* (Mental Health Statement of Rights and Responsibilities) се наведени правата и одговорностите на негувателите на луѓе болни од душевна болест. Тие се утврдени со заеднички договор на Сојузната и државните влади.

Во правата на негувателите спаѓаат:

- Почитување на човечките вредности, достоинство и приватност на секој поединец.
- Сеопфатно информирање, поучување, обука и поддршка за да се олесни разбирањето, застапувањето и негата на луѓето за кои се грижат.
- **Со согласност на лицето болно од душевна болест**, негувателите и застапниците имаат право:
  - Да имаат пристап до лицето болно од душевна болест
  - Да се сослуша нивното мислење во врска со разгледуваните мерки за лекување на лицето болно од душевна болест
  - Да организираат услуги за поддршка како што се одмена во негата и советување за нив лично или за лицето болно од душевна болест
  - Со лицата што учествуваат во лекувањето да разменуваат информации за начинот на живот на болното лице и за неговите односи со други луѓе.

Можеби во некои случаи лицето болно од душевна болест не е способно да даде согласност, или може да одбие да даде согласност поради неговата нарушена душевна состојба. Во таквите ситуации:

- **Без согласност на лицето болно од душевна болест**, негувателите имаат право:
  - Да ја ограничат нивната достапност за корисникот
  - Да бараат натамошни мислења во поглед на дијагнозата и негата
  - Да им даваат информации на лицата и установите што пружаат здравствени услуги во врска со семејните односи и со се друго што се однесува на душевната состојба на корисникот

- Да добијат помош во врска со нивните сопствени тешкотии кои може да произлезат од грижата за луѓе на кои им е нарушено душевното здравје.

Примероци од книшката може да се добијат од Сојузниот огранок за душевно здравје, телефон 1800 066 247, или на местото на интернет: *www.mentalhealth.gov.au*

## Национални стандарди за душевно здравје

За услугите на сите служби за душевно здравје важат одредени стандарди на национално ниво. Стандардот 3 се однесува на учеството на корисниците и негувателите и налага корисниците и негувателите да бидат вклучени во планирањето, применувањето и оценувањето на услугите поврзани со душевното здравје. Примероци од стандардите може да се добијат од Сојузниот огранок за душевно здравје (телефон 1800 066 247) или од местото на интернет: *www.mentalhealth.gov.au*

## Викториски Правилник за негуватели

Книшката *Во Партнерство - Семејства, други негуватели и државни служби за душевно здравје* од 1996 г. *(In Partnership - Families, Other Carers and Public Mental Health Services)* потврдува дека за ефикасно пружање на услуги мора да се води сметка за потребите на семејствата и негувателите. Особено е потврдена важноста на соработката со семејството.

Се очекува дека службата за душевно здравје:

- Ќе ги вклучи семејствата и негувателите најрано што може да соработуваат во лекувањето.
- Ќе се погрижи да се изврши оценување на потребите на семејствата, вклучувајќи ги и потребите на зависните деца, или на други негуватели, и дека тоа оценување ќе биде одново разгледувано и приспособувано после секој важен момент од постапката на пружање на услугите.
- Ќе им даде на негувателите и семејствата информации во врска со душевната болест, со последиците што таа веројатно ќе ги предизвика и со службите и поддршката што им стојат на располагање на нив и на лицето за кое се грижат.
- Ќе биде јасна во врска со барањата во однос на доверливоста и откривањето на информации и ќе го разјасни тоа со корисниците и негувателите.
- Ќе преземе чекори да осигури дека културните и јазичните потреби на семејствата или на другите негуватели се земени предвид како дел од работата на службата.
- Ќе соработува со семејствата или со другите негуватели за да разработи како ќе се постапува во тешките ситуации во кои тие може да се најдат вршејќи ја својата улога на негуватели.

- Ќе ги поврзе семејствата и негувателите со можностите за обука и поддршка во согласност со нивните потреби.
- Ќе им обезбеди можност на семејствата и другите негуватели да се среќаваат меѓу себе низ образовни средби и средби за поддршка со луѓе што се наоѓаат во слична ситуација.

## Општи информации и поука

Службите за душевно здравје во Викторија може да дадат низа општи информации во врска со душевните болести, со услугите што стојат на располагање и со други соодветни можности за упатување. Службите за душевно здравје во Викторија исто така настојуваат да помогнат во поучувањето на заедницата, другите лекари, соодветни агенции и тела, групи на негуватели и слични организации во врска со душевните болести и како најлесно да се стигне до соодветните служби и поддршка.

Службите за душевно здравје се еден вид на информација и поддршка. Информации за други средства и поддршки се дадени на друго место во овој документ.

## Пристап до информациите за лицето болно од душевна болест

Од службите за душевно здравје на Викторија се очекува тесно да соработуваат со корисниците и негувателите за да ги задоволат нивните специфични потреби за информации и поучување. Во зависност од видот на службата, тоа може да се однесува на некој поединечен начин на лекување и на поединостите во врска со водењето на случајот и со можностите што стојат на располагање, како да се постапи во случај на вознемирувачко однесување, како да се добие некоја посебна помош и воопшто да им се помогне на членовите на семејството да се справат со болеста. Количеството на информации што се даваат во секој поединечен случај ќе биде различно во зависност од тоа до колкава мера корисникот сака неговиот роднина да биде вклучен.

Откривањето и размената на информации е сложена работа. Персоналот за душевно здравје има одговорност да ги разгледа проблемите што може да настанат поради споделувањето на информациите со секое лице што боледува од душевна болест во најсоодветниот период и колку што може поскоро. Ако е можно, негувателите можеби исто така сакаат да утврдат со лицето што боледува од душевна болест и со службеникот за душевно здравје што го води неговиот случај или со клучниот службеник (во зависност од случајот) каква улога сакаат тие да игра негувателот ако на лицето му стане лошо и какво е реалното очекување за информациите за кои треба да се разговара.

Службите за душевно здравје што водат сметка за негувателот се стремат да ги намалат сите можни судари и, во рамките на законот, да ги задоволат потребите на лицето што боледува од душевна болест, на членовите на неговото семејство и на другите негуватели.

Сите служби за душевно здравје во Викторија се придржуваат кон одредбите од *Законот за душевно здравје* од 1986 г. (Mental Health Act 1986). Општо земено, информациите за лицето што боледува од душевна болест не може да му се дадат на никого освен ако лицето дало согласност. Делот 120А од Законот за душевно здравје пропишува во кои околности доверливи информации за клиентот на службата за душевно здравје може да бидат откриени без согласност на клиентот. Во исклучоци од доверливо чување спаѓаат:

- **Делот 120А(3) (са) дозволува информациите да им се откријат на старателите, семејството и главните негуватели ако тие информации се потребни во разумна мера за тековната нега на клиентот и во случај кога лицето на кое му се открива информацијата ќе биде вклучено во пружањето на негата.**
- **Делот 120А(3) (е) дозволува откривање на информациите во случај кога тоа е потребно заради натамошно лекување на клиентот.**

Понекогаш правата и желбите на лицето ќе бидат во спротивност со желбите на семејството или на негувателот, особено ако лицето што боледува од душевна болест не сака членот на неговото/нејзиното семејство да биде вклучен. Тоа може да создаде тешкотии за сите страни.

## Вклученост во предложеното лекување на лицето

Со согласност на лицето што боледува од душевна болест, негувателите и членовите на семејството може да бидат вклучени во планирањето на поединечните услуги заедно со персоналот на службите за душевно здравје. Во Службата за душевно здравје за заедницата, службеникот што го води случајот треба да соработува со лицето што боледува од душевна болест и со негувателите за да ги утврди целите и начинот на кој тие може да се постигнат. Клучниот службеник (key worker) во службата за поддршка при психијатриска онеспособеност (Psychiatric Disability Support Service - PDSS) исто така ќе преземе слична постапка, но ќе се сосредоточи на психо-социјалната рехабилитација.

При планирањето на поединечните услуги, службите за душевно здравје треба (со согласност на лицето што боледува од душевна болест) колку што е можно повеќе да ги вклучат во постапката и да им пружат поддршка на семејството или на негувателите. Тоа вклучува и одделување време за семејството и негувателите да дојдат во службата и да разговараат за сите прашања со службеникот што го води случајот или со клучниот службеник.

## Негувателот може да го застапува лицето што боледува од душевна болест

Кога лицето што боледува од душевна болест не е во состојба да даде согласност, или одбива да даде согласност за некое лекување затоа што се наоѓа во нарушена душевна состојба, соодветно е негувателите да се јават и да ги вклучат лицата кои можеби би можеле да помогнат во поставувањето на дијагнозата и во негата. Негувателите исто така може да бараат да се примени друг вид на лекување и да се даде мислење од друго професионално лице.

## Како да се изрази загриженост

Ако не сте задоволни од добиените информации или од понудениот вид на лекување, треба да ја изразите вашата загриженост директно во службата. Јавете се на службеникот што го води случајот, со медицинска сестра, со лекар, со менаџерот на службата или со директорот на клиничките служби во службата за душевно здравје.

Ако директорот на клиничките служби или менаџерот на службата не се во состојба да ја решат вашата поплака, јавете се кај некое од следниве лица за да добиете совет и помош:

Секоја болница има **Службеник за поплаки од клиентите** (Complaints Liaison Officer) чија улога е да одговара на поплаките во таа болница. Јавете се во локалната општа болница што е наведена во белиот телефонски именик.

**Началникот на здравствените служби** (Health Services Commissioner) е независен началник кој ги испитува поплаките на корисниците на здравствени услуги во врска со здравствените служби, вклучувајќи ги и службите за душевно здравје, и помага при решавањето на тие поплаки.

Началник на здравствени служби 8601 5200

**Главниот психијатар** (Chief Psychiatrist) е одговорен, според Законот за душевно здравје од 1986 г., за медицинската нега и благосостојбата на пациентите на кои им се укажува лекување или нега заради душевна болест. Во одговорностите на Главниот психијатар спаѓа надгледувањето на клиничките стандарди во вршењето на психијатриската работа и лекувањето што го пружаат државните психијатри, како и одговарањето на поплаките од корисниците, негувателите и други лица.

Главен психијатар 9616 7777

**Јавниот застапник** (Public Advocate) им помага, ги советува и застапува луѓето што имаат сериозни поплаки во врска со службите за душевно здравје и лекувањето.

| | |
|---|---|
| Јавен застапник | 9603 9500 |

**Посетители од заедницата** (Community Visitors) се луѓе што ги посетуваат клиничките служби за душевно здравје најмалку еднаш месечно за да ги проверат соодветноста на услугите и зградите за лекување и нега на пациентите, ги испитуваат поплаките и поднесуваат извештај за нивните проверки и истраги.

| | |
|---|---|
| Посетители од заедницата | 9603 9500 |

# Поддршка за негувателите

Постојат низа служби основани токму за да им помагаат на членовите на семејството, пријателите и негувателите на луѓето болни од душевна болест. Ве молиме запомнете дека понекогаш постојат листи на чекање за да се добијат услугите на тие служби.

## Заемна поддршка и самопомош

Службите за заемна поддршка и самопомош (Mutual Support and Self-Help) им пружаат информации, поддршка и помош на семејствата и другите негуватели, како и на луѓето што страдаат од душевна болест. Тие може да дадат информации во врска со душевните болести и со услугите што може да се добијат, и да им укажат поддршка, признание и помош на лицата што се негуватели или се соочени со душевната болест на пријател или роднина.

Многу од тие служби даваат печатени информации (бесплатни или што може да се купат), телефонски линии за поддршка, весници, информативни и поучни состаноци и библиотека со корисни помагала.

**Кој ги исполнува условите:** Семејството, пријателите и негувателите на луѓе болни од душевна болест.

**Цена:** Обично бесплатно, иако за некои услуги, како што се весниците, можеби ќе треба да се плати членарина.

**Контакт:**

| | |
|---|---|
| Друштво за душевни болести (Mental Illness Fellowship) (порано SFV) | 9482 4199 |
| Здружение на роднини и пријатели на емоционално и душевно болни лица (Association of Relatives and Friends of the Emotionally and Mentally Ill - ARAFEMI) | 9889 3733 |
| Центар за закрепнување од вознемиреност (Anxiety Recovery Centre) | 9576 2477 |
| Фондација за проблеми со исхраната (Eating Disorder Foundation) | 9885 0318 |
| PAIS - Младинци со родители болни од душевна болест (PAIS - Adolescents with Parents with a Mental Illness) | 9345 7950 |

## Групи за поддршка на негуватели

Групите за поддршка на негуватели се службени и неслужбени групи што на пријателите, членовите на семејството и другите негуватели им пружаат можност да се сретнат со други лица што се наоѓаат во слична ситуација. За многу луѓе е утешително ако знаат дека и други луѓе имале слични искуства. Може да биде многу корисно да се добијат информации од прва рака во врска со поднесувањето на ситуацијата, соочувањето со системот на служби за душевно здравје и разбирањето на душевните болести.

Групите за поддршка може да доведат гости говорници или да дадат стручни информации на теми што ги интересираат учесниците. Членовите на групите за поддршка исто така имаат прилики да учествуваат како говорници на форуми, семинари, во училишта и така натаму, за да ја поучуваат заедницата во врска со душевните болести.

Некои групи за поддршка се занимаваат со посебни видови негуватели или членови на семејството, на пример, со деца чии родители боледуваат од душевна болест, или партнери, родители, браќа и сестри. Некои групи за поддршка може да се занимаваат само со еден тип на болест, на пример, со шизофренија или со опсесивно нарушување кога лицето е опседнато со некои мисли и не може да се воздржува да зборува или прави одредени работи.

Постојат многу групи за поддршка на негуватели во градските подрачја и во внатрешноста на Викторија.

**Кој ги исполнува условите:** Семејството, пријателите и негувателите на луѓе болни од душевна болест.

**Контакт:** Организации за заемна поддршка и самопомош (Mutual Support and Self-Help),
Негуватели во Викторија (Carers Victoria) (1800 242 636),
Работници за поддршка на негуватели на лица болни од душевна болест (Mental Health Carer Support Workers) (1800 059 059)
или службеници што ги водат случаите во клиничките служби за душевно здравје во заедницата.

## Програма за поддршка на негуватели во тешки периоди

Програмата за поддршка на негуватели во тешки периоди (Carer Crisis Support Program - CCSP) пружа финансиска помош, обично еднократна, за купување на стоки и услуги за негувателите кои ја помагаат и унапредуваат врската меѓу негувателот и болниот. Програмата може да се користи кога негувателот минува низ тежок период или за да се спречи настанувањето на тежок период. Начинот на кој Програмата може да им помогне на негувателите зависи од потребите на негувателот.

Еве некои примерите како била користена Програмата:

- Одмена во негата за лицето што боледува од душевна болест и/или за негувателот.
- Помош со патување и сместување, на пример, кога лицето болно од душевна болест се наоѓа во болница што е оддалечена од негувателот.
- Грижа за деца.
- Чистење и одржување на куќата.
- Стоки за домаќинството.
- Одмори за негувателот, вклучувајќи и периоди кога лицето болно од душевна болест има одмена во негата.

Молбите за добивање помош од Програмата обично се поднесуваат кај службеникот што го води случајот на лицето. На одделението за внатрешни пациенти молбата може да ја поднесе социјалниот работник или медицинската сестра.

**Кој ги исполнува условите:** Негуватели или тековни корисници на државниот систем за душевно здравје.

**Цена:** Бесплатно е, но понекогаш од негувателите може да се побара, ако можат, да платат дел од цената на она што барале да го купат.

**Контакт:** Службеникот што го води случајот во Службата за душевно здравје во заедницата.
Социјалниот работник или медицинската сестра на одделението за внатрешни пациенти.

## Планирана одмена во негата

Службата за планирана одмена во негата им пружа можност на луѓето болни од душевна болест и на нивните негуватели да се одморат малку. Одмената во негата овозможува краток одмор од вообичаениот распоред на негата, овозможувајќи му на членот на семејството или на негувателот да има малку време за себе, додека истовремено му обезбедува на лицето болно од душевна болест позитивно доживување. Планираната одмена во негата може често да претставува отскочна штица за луѓето болни од душевна болест да почнат да користат други служби за поддршка на лица со душевна болест, како што се програмите за дневен престој.

Планираната одмена на негата се случува главно на три начина:

- Планирано и редовно, на пример, еден ден во неделата во текот на четири месеци или како петдневен одмор.
- Повремена планирана одмена од негата, на пример, кога негувателот оди на одмор или има испити.
- Одмена на негата во итни случаи, на пример, во случај на болест во семејството или ако негувателот има разговор за вработување.

Планираната одмена во негата секогаш треба да биде организирана заеднички со лицето што боледува од душевна болест и со неговиот негувател. Одмената во негата ќе биде така испланирана што ќе обезбеди да бидат задоволени потребите и на двете страни. Одмената од негата може да се пружа како дневно излегување, како одмор или како одмена во домот во текот на денот, навечер или преку викендите. Многу служби ќе можат да обезбедат работници за поединечна одмена во негата за лицето болно од душевна болест.

**Кој ги исполнува условите:** Сите негуватели, вклучувајќи ги возрасните членови на семејството и децата на луѓето со тешки душевни заболувања.

**Цена:** Можеби треба да се плати мала сума.

**Контакт:** Планирана одмена во негата на службата за поддршка при психијатриска онеспособеност (Psychiatric Disability Support Planned Respite Service)

## Carerlinks/Сојузни центри за одмена на негувателите

Сојузните центри за одмена на негувателите (Commonwealth Carer Respite Centres), понекогаш познати и како Carerlinks агенции, може да купат, организираат или управуваат со испорачувањето на пакети за одмена во негата приспособени кон поединечните потреби на негувателите и на лицата за кои тие се грижат.

Некои Carerlinks агенции исто така имаат и посебни службеници за душевно здравје кој им дава поддршка и информации на негувателите. Тие службеници може да дадат информации во врска со разновидните услуги и поддршка што им стојат на располагање на негувателите на луѓе болни од душевна болест, врски со соодветни државни служби за поддршка на душевното здравје и служби за поддршка при психијатриска онеспособеност, како и соодветни информации и помагала. Тие исто така може да раководат со групи за поддршка на негуватели и да пружаат извесна поединечна поддршка и помош.

**Кој ги исполнува условите:** Сите негуватели

**Контакт:** 1800 059 059 во сите региони

## Carers Victoria - Информативен центар за негуватели

Carers Victoria (CVic) е непрофитна организација што работи за да го подобри квалитетот на животот на негувателите. Членовите добиваат редовен весник и други  корисни информации.

CVic исто така раководи и со Информативен центар за негуватели (Carer Resource Centre). Центарот дава бесплатни информации, поддршка и упати (вклучувајќи и помош со преведување); врски до групи за поддршка на негуватели, организации за поддршка и услуги и разновидни печатени материјали за поддршка што може да се позајмат или да се купат. Информативниот центар за негуватели може да биде корисна служба во која може да се јавите кога се обидувате да пронајдете соодветни услуги и поддршка за негуватели во ваша близина.

Информативниот центар за негуватели може да го добиете на бесплатниот телефон 1800 242 636.

**Кој ги исполнува условите:** Информативниот центар за негуватели им стои на располагање на сите негуватели. Другите услуги на CVic се за членовите.

**Цена:** Се плаќа мала членарина за пристап до услугите за членовите.

**Контакт:** Carers Victoria 1800 242 636.

## Други помагала и информации

- **Комплет за обука за грижа за семејството (Family Sensitive Training - FaST Kit)** Овој комплет вклучува четири видео-ленти: Негативен лонец (Casserole Negative), Стручњаци за рамнотежа (Experts at Balancing), Без цвеќиња и чоколади (No Flowers or Chocolates) и Држете се (Hanging in There) во кои групи негуватели, службеници во службите и корисници ги опишуваат своите искуства во врска со душевните болести и службите за душевно здравје и работите што на нив им помогнале. Книшките што ги придружуваат видео-лентите содржат краток преглед на клучните теми и даваат дополнителни корисни информации. Некои служби и групи на негуватели водат состаноци за обука за грижа за семејството редовно користејќи го комплетот. Можете исто така да побарате и сами да ги видите. Бидејќи видео-лентите може да предизвикаат силни чувства, можеби ќе биде корисно ако се договорите да ги гледате со службеник за поддршка или со други лица. Овие помагала може да се гледаат и/или позајмат од службата за душевно здравје, од службата за заемна поддршка и самопомош или од службеникот за поддршка на негуватели на лица болни од душевна болест.
- **Тешки зборови (Hard Words)** Оваа видео-лента настојува да ја разбуди свеста во врска со проблемите со кои се соочуваат децата кои имаат родители болни од душевна болест. За информации, разговарајте со службеникот што го води случајот во службата за душевно здравје.
- **Комплет за негуватели (Carers Kit)** Комплетот за негуватели дава информации и идеи како да им се помогне на негувателите, вклучувајќи и лента за отпуштање и поттик за одмор. Комплетот може да се добие од Carers Victoria и изработен е на повеќе јазици. Комплетот е бесплатен.
- **Семејствата и душевното здравје - Комплет помагала за родители (Families and Mental Health - A Parenting Resource Kit)** Овој комплет го има изработено Одделот за општествени служби за да им дава поддршка и информации на семејствата во кои родителот страда од душевна болест. За примерок обратете се кај вашиот службеник што го води случајот или јавете се во Огранокот за душевно здравје на 9616 8087.
- **Во партнерство: Семејствата, другите негуватели и државните служби за душевно здравје (In Partnership: Families, Other Carers and Public Mental Health Services)** Овој документ накратко објаснува како државните служби за душевно здравје приоѓаат кон вклучувањето на негувателите и семејствата. За примерок обратете се кај вашиот службеник што го води случајот или јавете се во Огранокот за душевно здравје на 9616 8087.

- **SANE Australia** ги штити интересите на луѓето болни од душевна болест и има сеопфатни помагала, печатени и други материјали на многу теми. Нивното место на интернет е *www.sane.org.*

## Застапување

Многу служби за негуватели ги застапуваат потребите на негувателите кај владата и кај други служби и создаваат можности за вклучување на негувателите. Меѓутоа, постојат две тела чија главна задача е застапувањето на негувателите и застапувањето за подобрување на системот за ментално здравје.

### Викториска мрежа на негуватели на луѓе болни од душевна болест

Викториската мрежа на негуватели на луѓе болни од душевна болест (Carers of People with a Mental Illness Network Victoria - CPMINV) ги обединува негувателите и службите за поддршка на негувателите. Мрежата го поддржува давањето на широки овластувања на негувателите и ги изнесува разните проблеми на луѓето болни од душевни болести пред владата, пред лицата и установите што пружаат услуги и пред заедницата.

**Контакт:** Преку Carers Victoria 1800 242 636

### Викториска група за советување на заедницата во врска со душевното здравје

Викториската група за советување на заедницата во врска со душевното здравје (Victorian Community Advisory Group on Mental Health - VICCAG) е група составена од 12 члена која го советува министерот за здравство за прашања во врска со душевното здравје. Шестмина од членовите се негуватели, а шестмина се луѓе болни од душевна болест. Ова е разнообразна група што може да претставува најразлични мислења и прашања, вклучувајќи и прашања што се однесуваат на селските заедници и на културно и јазично различните заедници.

**Контакт:** Извршниот службеник на Викториската група за советување на заедницата во врска со душевното здравје 9616 8489

### Други помагала и информации

- **Да ја направиме пораката важна (Making the Message Matter)** е изработена од Викторисkата група за советување на заедницата во врска со душевното здравје за да им помогне на луѓето со душевна болест и на нивните негуватели да се чуе нивниот глас и да ја зголеми свесноста за душевните болести. Таа вклучува говори пред јавноста и писмени и усмени способности за претставување и за комуницирање со средствата за јавно информирање, и препорачува извори на информации. Може да се добие од Огранокот за душевно здравје на Одделот за општествени служби, телефон 9616 8087.
- **Комплетот Водач за застапувањето што одбравме да го вршиме (A Guide to the Advocacy We Choose To Do)** претставува сеопфатен водач за застапувањето. Во него се вклучени вештини и средства за наметнување на сопственото мислење, решавање на проблеми, преговарање и решавање на спорови. Може да се купи од Советот за душевно здравје на Австралија (Mental Health Council of Australia), телефон (02) 6285 3100. Повеќето служби за заемна поддршка и самопомош исто така имаат примероци што може да ги позајмите.
- **Кажете го вашето мислење - Пакет за дејствување за негуватели на Carers Victoria (Having your say Action Pack for Carers - CVic)** дава идеи и корисни алатки, како што се готови писма, за да им помогне на негувателите да пишуваат до Владата и до средствата за јавно информирање. За примероци јавете се на 1800 242 636.

# Државни служби за душевно здравје

Викторискиот систем на служби за душевно здравје има поголем број составни делови кои се стремат да обезбедат сеопфатни клинички служби и служби за поддршка при онеспособеност за лица болни од душевна болест.

- Клиничките служби вклучуваат служби за внатрешни пациенти, служби за лекување во заедницата и служби за сместување во домови.
- Службите за онеспособени лица вклучуваат програми за дневен престој, поддршка што се пружа во домот, одмена во негата и програми за сместување во домови.

Има различни служби за деца и младинци, за возрасни и за постари лица.

- **Службите за душевно здравје за возрасни лица (Adult Mental Health Services)** им помагаат на луѓето на возраст од 16 до 64 години. Повеќето услуги се пружаат и усогласуваат преку Службата за душевно здравје во заедницата (Community Mental Health Service - CMHS). Оваа Служба има тесни врски со одделенијата за внатрешни пациенти и обично нејзината работа се состои од истовремен прием и оценување на состојбата (што често се нарекува тријажа).

  Службите за поддршка при психијатриска онеспособеност се занимаваат со психоцосијална рехабилитација на млади лица постари од 16 години и на возрасни психијатриски онеспособени лица. Службата настојува да им помогне на луѓето да развијат вештини и способности што ќе им го подобрат квалитетот на животот и самостојноста и да учествуваат најмногу што можат во активностите за дружење, забава, образование и стручно оспособување.

- **Службите за душевно здравје за деца и младинци (Child and Adolescent Mental Health Services - CAMHS)** пружаат специјалистички услуги во врска со душевното здравје за деца и младинци до 18-годишна возраст што имаат тешки емотивни нарушувања. Овие служби често работат заеднички со други служби во заедницата, како што се школите, службите за деца и семејство и општите лекари. Ако тоа е соодветно, постарите младинци што имаат нарушувања од кои страдаат возрасни лица може да бидат лекувани во служба за душевно здравје за возрасни.

- **Службите за душевно здравје за постари лица (Aged Persons Mental Health Services)** им помагаат на луѓето на возраст од 65 години и постари кои остареле со душевна болест, кај кои душевна болест се јавила подоцна во животот или кои имаат психијатриски тешкотии или сериозни тешкотии со однесувањето поврзани со органски нарушувања, како што е старечката малоумност.

Во табелата 1 (страници 24-25) се опишани составните делови на државниот систем за душевно здравје на Викторија, дадени се имињата на службите и кратко објаснување што работат тие. Клиничките служби за внатрешни пациенти и службите за заедницата се наведени одделно за секое подрачје на служби за душевно здравје.

Поголемиот дел услуги во врска со душевното здравје сега се пружаат во заедницата. Над 68% од луѓето што добиваат услуги од државните служби за душевно здравје сега тоа го прават исклучиво во заедницата. Уште 22% добиваат услуги како внатрешни пациенти во болниците и во службите за заедницата.

Приватните професионални лица и установи што пружаат услуги во врска со душевното здравје, вклучувајќи ги психијатрите, психолозите и општите лекари, исто така се важни партнери во обезбедувањето на нега во врска со душевното здравје. Некои луѓе може никогаш нема да добијат помош од државниот систем за душевно здравје, затоа што нивните потреби може да ги задоволи приватен психијатар или општ лекар. Други може да го користат наизменично едниот па другиот систем во зависност од нивните потреби, или пак да добиваат истовремено услуги и од двата система.

## Пристап до клинички служби за ментално здравје

Првото место каде што треба да се обратите обично е дежурниот службеник во соодветната Служба за ментално здравје во заедницата (Community Mental Health Service - CMHS). Ако треба, дежурниот службеник ќе го упати лицето до соодветната служба што одговара на неговите потреби. Тоа може да биде друг дел од Службата за ментално здравје во заедницата, како што е Тимот за продолжителна нега (Continuing Care Team), Службата за оценување и постапување во итни случаи (Crisis Assessment and Treatment Service - CATS), Подвижната служба за поддршка и лекување (Mobile Support Treatment Services - MSTS) или кај општ лекар, приватен психијатар или служба за поддршка на онеспособени лица.

Во итен случај или кога е потребно лицето да се прими во болница, првото место каде што треба да се обратите за возрасни лица е Службата за оценување и постапување во итни случаи. Децата, младинците и постарите лица треба најпрво да се јават во соодветната служба во заедницата. Понекогаш Службата за оценување и постапување во итни случаи може да повика напомош амбулантно возило или полиција. Службите за душевно здравје обично истовремено вршат и прием и оценување и за Службата за оценување и постапување во итни случаи и за Службата за ментално здравје во заедницата. Тоа често се нарекува „тријажа“.

### Водење на случајот

Јадрото на Службата за душевно здравје во заедницата е службеникот што го води случајот. Секое лице што боледува од душевна болест добива службеник што го води неговиот случај кој е главното лице за контакти и им помага на болното лице и на неговото семејство или негувател да ги искористат службите на најдобриот можен начин.

Службеникот што го води случајот ќе му помогне на лицето што боледува од душевна болест да развие Поединечен план за услуги (Individual Service Plan - ISP) во кој се наведени неговите цели и начините на кои треба да се постапува за да се постигнат тие цели. Службеникот што го води случајот работи како дел од тим, па така лицето што боледува од душевна болест може исто така да има редовни контакти и со други професионални лица, вклучувајќи лекари, социјални работници, психолози, психијатриски медицински сестри, психијатри или терапевти за работно оспособување.

Со согласност на лицето што боледува од душевна болест, негувателите и членовите на семејството може да бидат вклучени во планирањето на поединечните услуги. Службениците што ги водат случаите изработуваат поединечни планови на услугите кои во најголема можна мера ги вклучуваат членовите на семејството и негувателите и притоа ги поддржуваат секогаш кога е тоа потребно. Тоа подразбира и наоѓање на време за семејството и

негувателите да дојдат во службата и да разговараат за разни прашања со службеникот што го води случајот.

## Специјалистички служби и служби надлежни за целата држава

Има поголем број специјалистички служби, од кои некои им пружаат директна поддршка на корисниците, а други пружаат специјалистички консултации и совети за лицата и установите што пружаат услуги. Постојат специјалистички служби за луѓе болни од душевни болести кои:

- Имаат проблеми со правосудниот систем.
- Имаат нарушување на личноста.
- Имаат умствена онеспособеност.
- Имаат проблем заради користење на дрога или алкохол.
- Имаат стекната повреда на мозокот.
- Се припадници на народот Кури.
- Страдаат од потиштеност после породување (постнатална депресија) или неодамна се породиле и им треба психијатриска помош.
- Имаат проблеми со исхраната.

За повеќе информации во врска со овие служби, обратете се кај службеникот што го води случајот во Службата за душевно здравје во заедницата.

## Други помагала и информации

Одделот за општествени служби објавува низа документи за системот за клинички душевни служби, меѓу кои спаѓаат:

- *Информативен водач за корисникот: Како може да ви помогне водењето на вашиот случај* (Consumer Information Guide: How Case Management Can Help You).
- Брошури за правата на корисниците - овие брошури ги објаснуваат правата на корисниците во врска со најразлични начини на лекување и други прашања, на пример, лекување со електрични шокови (Electro Convulsive Therapy - ECT), затворање на болното лице, наредби за лекување во заедницата, пациенти што не сакаат доброволно да се лекуваат.
- *Водач за значењето на изразите што се користат во врска со душевното здравје* (A Guide to Mental Health Terminology).
- *Служба за душевно здравје на Викторија: Рамка во која се пружаат услугите* (Victoria’s Mental Health Service: The Framework for Service Delivery).
- Информации за потрошувачот за разни лекови што се користат во психијатријата.

Повеќете од овие документи би требало да може да се добијат од Службата за душевно здравје во заедницата или ако се јавите во Огранокот за ментално здравје на 9616 8087 и побарате примерок.

## Табела 1: Државни клинички служби за душевно здравје

| Улога на службата | Опис | Имиња на службите и дополнителни информации<br>Деца и младинци (0-18 години) |
|---|---|---|
| Оценување и лекување во итни случаи | • Врши оценување на итниот случај и пружа засилено лекување надвор од службата<br>• Помага во најтешките фази на болеста<br>• Определува дали е потребно сместување во болница | **Во работно време** Служба за оценување и лекување на деца и младинци<br>**После работно време** Служба за оценување и лекување во итни случаи |
| Лекување и поддршка во заедницата | • Оценување, водење на случајот и лекување<br>• Обично работи на принцип на закажување состаноци<br>• Ако е потребно, дава упат до други служби | Служба за оценување и лекување на деца и младинци |
| Лекување и поддршка што се пружа надвор од службите во заедницата | • Лекување и поддршка надвор од службата<br>• Често е позасилена од лекувањето во заедницата | Засилена подвижна поддршка за младинци надвор од службата |
| Акутна нега на внатрешни пациенти | • Се добива во општи болници.<br>• За луѓе што доживуваат епизода на душевна болест која отежнува да се лекуваат и да добиваат поддршка во нивниот дом.<br>• Кратки престои во текот на периодот на болеста<br>(1-3 недели) | Обично е посебно одделение, ама може да биде дел од одделение за возрасни |
| Сместување во установи со поддршка и нега | • Пружа 24-часовна клиничка поддршка и рехабилитација.<br>• Лицата имаат тешка душевна болест што не се повлекува и тешка психијатриска онеспособеност. Нивното однесување може да е проблематично и тие често не реагираат на лекувањето со лекови. | |
| Безбедна / Проширена нега | • Служби за внатрешни пациенти што пружаат интензивно лекување и поддршка<br>• За корисници со тешка душевна болест што не се повлекува, придружена со значително нарушување на однесувањето. | Не е достапна за деца и младинци под 16 години. Младинците на возраст од 16 години и повеќе на кои им треба ваква нега може да ги добијат услугите на Службата за безбедна проширена нега за возрасни. |

| Возрасни (16-64 години) | Постари лица (65 години и повеќе) | Работи што треба да се запомнат: |
|---|---|---|
| Служба за оценување и лекување во итен случај | **Тимови за душевно здравје за постари лица.** | • После работното време, **Службите за оценување и лекување во итен случај** за возрасни пружаат услуги за сите лица, независно од возраста.<br>• Во некои селски подрачја, **Службите за оценување и лекување во итен случај** и Подвижните служби за поддршка и лекување се една иста служба.<br>• Ако **Службата за оценување и лекување во итен случај** смета дека ситуацијата е опасна, може да биде повикана на помош полицијата.<br>• Понекогаш помошта од **Службата за оценување и лекување во итни случаи** може да се пружи по телефон. |
| Продолжителна нега, клинички служби и услуги за советување | **Тимови за душевно здравје за постари лица.** | |
| Подвижна служба за поддршка и лекување | **Тимови за душевно здравје за постари лица.** | |
| | Обично е посебно одделение, но може да биде дел од одделението за возрасни во селските подрачја. | • Одделенијата за внатрешни пациенти обично работат на различни начини. Прашајте ја медицинската сестра што раководи со одделението како работи одделението, кое е најдобро време за посети, што може да сторите за да помогнете и каде треба да се обратите ако сакате да добиете информации за лицето за кое се грижите. |
| **Куќи за нега во заедницата**<br>• Наменски изградени куќи со средина слична на домашната.<br>• Им помага на корисниците да ги научат или одново да ги научат способностите за секојдневно живеење што се неопходни за приспособување кон животот во заедницата. | **Служби за душевно здравје за постари лица.**<br>• Исто така мора да се изврши оценување од Тимот за оценување на потребата од нега на постари лица на кои им треба сместување во дом. | |
| **Безбедна проширена нега**<br>• Се пружа на регионална основа поради малата побарувачка | **Служби за душевно здравје за постари лица.**<br>• Исто така мора да се изврши оценување од Тимот за оценување на потребата од нега на постари лица на кои им треба сместување во дом. | |

## Поддршка при психијатриска онеспособеност и психосоцијална рехабилитација

Службите за поддршка при психијатриска онеспособеност (Psychiatric Disability Support Services - PDSS) пружаат психосоцијална рехабилитација за млади луѓе постари од 16 години и за возрасни лица со психијатриска онеспособеност. Службите се стремат да им помогнат на луѓето да развијат способности што ќе го подобрат квалитетот на нивниот живот и самостојноста, и да учествуваат најмногу што можат во активности за дружење, разонода, образование и стручно оспособување.

Службите за поддршка при психијатриска онеспособеност им користат на негувателите зашто тие може да добијат редовни одмори во времето кога лицето за кое се грижат е згрижено во службата. Овие служби исто така помагаат и за развивање на самостојноста на лицето што има психијатриска онеспособеност, на тој начин намалувајќи ја неговата зависност од негувателот.

Сите корисници на овие служби добиваат клучен службеник. Клучниот службеник ќе работи со нив за да постави специфични цели и да работи на остварувањето на тие цели. Целите и планот за нивно остварување ќе бидат запишани во Планот за поединечна програма (Individual Program Plan - IPP). Со согласност на корисникот, членовите на семејството и негувателите може да бидат вклучени во изработката на овој план.

Упат до Служба за поддршка за психијатриска онеспособеност обично дава службеникот што го води случајот во Службата за душевно здравје во заедницата, меѓутоа, лицето може и самото себеси да се упати, а се прифаќаат и упати од општи лекари, приватни психијатри и други служби за заедницата или здравствени служби. Службата за поддршка при психијатриска онеспособеност ќе изврши оценување за да одреди дали услугата е соодветна.

Услугите на службите за поддршка при психијатриска онеспособеност се пружаат како програми за дневен престој, во домот на лицето, во домови за нега, или како услуги за планирана одмена во негата. Многу служби за поддршка при психијатриска онеспособеност имаат листи на чекање и тоа може да доведе до оддолжување на давањето на услугата.

## Психосоцијална програма за дневен престој

Програмите за дневен престој пружаат редовни информации и активности надвор од домот за луѓето со психијатриска онеспособеност. Тие создаваат можности да се остваруваат надворешни интереси и да се развиваат друштвени мрежи и способности за самостојно живеење. Програмите за дневен престој обично се наоѓаат на места во заедницата до кои лесно може да се стигне. Повеќето се сместени во куќи или канцеларии во предградијата, во близина на јавниот превоз и трговските центри.

Програмите за дневен престој обично работат пет дена неделно, но голем број од нив исто така нудат средби навечер и преку викендите. Многу од нив нудат и повремени активности како што се пишување, уметност, женски или машки групи или компјутерски групи. Корисниците одбираат кога и колку често ќе доаѓаат, во зависност од нивните интереси и потреби.

## Поддршка што се пружа во домот на болното лице

Поддршката што се пружа во домот на болното лице (Home-based Outreach Support) дава слични можности за психосоцијална рехабилитација како и програмите за дневен престој, но на поединечна основа и во домот на болното лице. Службеникот на службата за поддршка при психијатриска онеспособеност редовно ќе го посетува лицето со психијатриска онеспособеност во неговиот дом. Службата им стои на располагање на сите, без оглед на тоа во какво живеалиште живеат или дали лицето живее со други луѓе или само. Клучниот службеник ќе помага да се развијат способности за самостојно живеење, како што се готвење, чистење, пазарување и грижа за себе. Тие исто така може да го придружуваат лицето во активностите за разонода и образование.

Некои служби за поддршка во домот се поврзани со државните станови за да обезбедат пакети составени од домување и поддршка (погледнете на страница 30 за повеќе информации).

## Рехабилитација во дом за нега

Службите за рехабилитација во дом за нега (residential rehabilitation services) пружаат преодна поддршка и сместување за да му помогнат на корисникот да развие способности за независно живеење и да го олеснат враќањето назад во семејниот дом или да овозможат лицето да живее само. Корисниците на службите за рехабилитација во дом за нега треба да имаат степен на онеспособеност при кој добивањето на поддршка во нивниот дом или во програми за дневен престој е недоволно. Некои служби за рехабилитација во дом за нега имаат персонал кој преспива во домот за нега преку ноќ.

Службите за рехабилитација во дом за нега се за:

- Млади луѓе (16-24 години) кои ќе имаат корист од засилена краткорочна до среднорочна поддршка (12-18 месеци).
- Други возрасни лица (16-64 години) на кои им треба засилена поддршка за подолги временски периоди пред да почнат самостојно да живеат, на пример, две до пет години.

Има барем по една служба за краткорочна до среднорочна рехабилитација во дом за нега за млади лица во секој од деветте Региони на Одделот за општествени служби. Некои од другите служби примаат пациенти од целата држава и можеби нема секогаш да бидат на располагање во локалното подрачје на корисникот. Службеникот што го води случајот на корисникот е обично најдоброто лице за контакти за да се утврди дали во некое определено подрачје може да се добие услуга за рехабилитација во дом за нега.

# Други корисни служби

Луѓето со душевна болест и нивните негуватели може да добијат голем број разновидни услуги и поддршка што постојат надвор од државниот систем на служби за душевно здравје.

## Служби за дрога и алкохол

Директната линија дава 24-часовно советување, информации и упати по телефон за сите луѓе што имаат проблеми со користењето дрога и алкохол, вклучувајќи ги и нивните семејства и пријатели.

**Контакт:** Директна линија 9416 1818 или за лица што се јавуваат од внатрешноста 1800 136 385.

## Служби за вработување

Преку Одделот за служби за семејството и заедницата (Department of Family and Community Services), Сојузната влада финансира голем број служби за вработување. Некои служби за вработување се специфично насочени да им помагаат на луѓето со психијатриска онеспособеност да најдат работа на отворениот пазар на работна сила или во заштитени установи што пружаат поддршка. Сојузната служба за рехабилитација (Commonwealth Rehabilitation Service) исто така пружа услуги за да им помогне на онеспособените луѓе да најдат вработување и да го задржат.

**Контакт:** Оддел за служби за семејството и заедницата 8626 1134.

## Домување и живеалишта

Стабилното и безбедно домување е многу важно за лицата со психијатриска онеспособеност за да се подобри душевното здравје на лицето и степенот на неговата самостојност во заедницата. Службеникот што го води случајот и/или клучниот службеник за поддршка при психијатриска онеспособеност работи со лицето што има психијатриска онеспособеност за да ги утврди и оцени неговите потреби за домување и потоа да помогне при планирањето и применувањето на постапки за задоволување на тие потреби.

Постојат голем број можности за домување за луѓето болни од душевна болест, како во приватниот, така и во државниот сектор. Соодветното домување ќе зависи од повеќе фактори, вклучувајќи го и тоа каде сака да живее лицето и степенот на поддршка што е потребна.

### Домување со поддршка

Огранокот за душевно здравје и Канцеларијата за домување имаат договор за партнерство кој на луѓето што добиваат поддршка од некоја признаена државна служба за душевно здравје и кои задоволуваат други специфични услови им овозможува да добијат првенство на пристап кон државните живеалишта.

За да остварува услови да добие првенство на пристап кон живеалиштe, лицето мора:

- Да ги исполнува условите за добивање државно живеалиште
- Да има потреба од безбедно, постојано и ефтино сместување
- Да му треба поддршка за да биде способно самостојно да живее
- Да има пристап до неопходната поддршка.

Соодветната државна служба за поддршка на душевното здравје ќе помогне да се поднесе молба за домување ако постојат услови за тоа.

**Контакт:** Службите за поддршка при психијатриска онеспособеност, Службите за поддршка во домот, Тимовите за душевно здравје на постарите лице (Aged Persons Mental Health Teams) или Подвижната служба за поддршка и лекување (Mobile Support and Treatment Service - MSTS)

### Државни станови без поддршка

Луѓето што ги исполнуваат условите да добијат државен стан и на кои им треба ефтино живеалиште, но кои немаат потреба од многу голема поддршка, исто така може да поднесат молба за добивање државен стан. Предност ќе им се дава на луѓе што повторно се без живеалиште или живеат во несоодветно живеалиште.

Канцеларијата за домување исто така купува привремени живеалишта што обезбедуваат краткорочно до среднорочно сместување за лицата што се бездомни, на кои им се заканува опасност да станат бездомни или чии живеалишта се несоодветни. Управниците на привремените живеалишта соработуваат со лицето за да ги утврдат неговите потреби за домување и да го преселат во посоодветно и подолгорочно живеалиште.

Службеникот што го води случајот и/или клучниот службеник од службата за поддршка при психијатриска онеспособеност може да помогнат да се поднесе молба за државно живеалиште.

**Контакт:** Локалната Канцеларија за домување што е наведена под Одделот за општествени служби (под 'H' za 'Human') во белиот телефонски именик.

## Информации за домување и служби за упатување (Housing Information and Referral Service - HIR)

Службите за информации за домување и за упатување (Housing Information and Referral - HIR) обично се наоѓаат во Службите на управата за привремено домување и даваат информации и совети во поглед на домувањето. Овие служби обично имаат поединости за агенциите за недвижности кои имаат разбирање за клиентите и знаат за расположивите приватни живеалишта што може да се изнајмат.

**Контакт:** Локалната Канцеларија за домување (Office of Housing) што е наведена под Одделот за општествени служби (Department of Human Services) (под 'H' за 'Human') во белиот телефонски именик.

## Поддршка на приходите

Centrelink нуди голем број можности за поддршка на приходите за луѓето кои не можат да најдат работа. Тоа вклучува кратки временски периоди, на пример, кога лицето можеби било во болница. Луѓето што се негуватели со полно работно време можеби исто така може да добијат пензија за негуватели.

Ако лицето за кое се грижите има проблеми да управува со своите финансии, можеби ќе треба да се побара помош од извршител или налог за старателство и за неговите финансиски средства ќе се грижат државните доверители.

**Контакт:** Centrelink како што е наведено во белиот телефонски именик. Државните доверители (State Trustees) како што е наведено во белиот телефонски именик.

## Разонода

Повеќето служби за поддршка при психијатриска онеспособеност како дел од своите услуги нудат програми за разонода за луѓето што боледуваат од душевна болест. Пристап за луѓе со секакви способности (Access All Abilities) е програма што ја нуди организацијата за спорт и рекреација на Викторија (Sport and Recreation Victoria) која настојува да ги зголеми можностите за разонода и забава во слободното време за сите онеспособени луѓе. Таа обично соработува со редовните установи што пружаат услуги за разонода за да осигури дека тие услуги се достапни.

**Контакт:** Јавете се кај вашата локална власт за информации во врска со програмата Пристап за луѓе со секакви способности (Access All Abilities) во вашето подрачје.

## Други здравствени служби и служби за заедницата

Именикот на здравствени услуги (Health Services Directory) на Одделот за општествени служби дава контактни поединости за голем број здравствени служби и служби за заедницата. Информациите може да се добијат од местото на интернет на Каналот за подобро здравје (Better Health Channel) на *www.betterhealth.vic.gov.au* или ако се јавите во регионалните канцеларии на Одделот за општествени служби, што се наведени во белиот телефонски именик.

# Додаток 1. Објаснувања и кратенки

## Описи

| | |
|---|---|
| **Негувател** | Лице што се грижи за друго лице болно од душевна болест. Тоа може да биде член на семејството, пријател или друго лице што игра значајна улога во животот на лицето болно од душевна болест. Улогата на негувател не мора да биде непроменлива или постојана, таа може да се менува со текот на времето во зависност од потребите на корисникот и на негувателот. Платените негуватели, како што е професионалниот персонал во службите, негувателите што доаѓаат дома и тие што работат во домови, не се вклучени во овој опис. |
| **Службеник што го води случајот** | Службеник во службата за душевно здравје кој е главниот контакт и им помага на лицето болно од душевна болест и на неговото семејство / негуватели да ги искористат што повеќе услугите. |
| **Клучен работник** | Работник во служба за поддршка на психијатриски онеспособени лица кој му помага на лицето болно од душевна болест да испланира поединечна програма и да ги постигне поставените цели. |
| **Душевна болест** | Општ термин што се однесува на група болести. Тоа е медицинска состојба при која се јавува значително нарушување во размислувањето, расположението, согледувањето и памтењето. Душевните болести може да се поделат во две главни категории: психотични и непсихотични. Психозата е состојба причинета од било која болест од групата за која се знае, или се мисли, дека го засегаат мозокот и доведуваат до промени во размислувањето, чувствата и однесувањето. Тука спаѓаат шизофренијата и двојните (биполарни) нарушувања на расположението. |

Непсихотичните болести вклучуваат стравови (фобии), вознемиреност (анксиозност), некои форми на растревоженост и тегоби (депресија), нарушувања во исхраната и нарушувања кога лицето е обземено од некои мисли и идеи и кога поради болеста не може да престане да прави некои работи (опсесивно-компулзивни нарушувања).

| | |
|---|---|
| **Психијатриска онеспособеност** | Психијатриската онеспособеност е последица надушевната болест што ја нарушува способноста на лицето да ги врши секојдневните работи и да развива и одржува успешни лични и општествени односи. |

## Кратенки

| Кратенка | Цело име |
|---|---|
| AMHS | Area Mental Health Service (Подрачна служба за душевно здравје) |
| APMHS | Aged Persons Mental Health Service (Служба за душевно здравје за постари лица) |
| CAMHS | Child and Adolescent Mental Health Service (Служба за душевно здравје за деца и младинци) |
| CATS | Crisis Assessment and Treatment Service (Служба за оценување и постапување во итни случаи) |
| CVic | Carers Victoria (Негуватели во Викторија) |
| CCSP | Carer Crisis Support Program (Програма за поддршка на негуватели во тешки периоди) |
| CMHS | Community Mental Health Service (Служба за душевно здравје во заедницата) |
| CCU | Community Care Unit (Куќа за нега во заедницата) |
| DHS | Department of Human Services (Оддел за општествени служби) |
| ECT | Electro Convulsive Therapy (Лекување со електрични шокови) |
| FaST | Family Sensitive Training (Обука што води сметка за семејството) |
| GP | General Practitioner (Општ лекар) |
| HBOS | Home-Based Outreach Support (Поддршка што се пружа во домот на болното лице) |
| HIR | Housing Information and Referral Service (Служба за информации и упатување за домување) |
| IPP | Individual Program Plan (План за поединечна програма) |
| ISP | Individual Service Plan (Поединечен план за услуги) |
| MSTS | Mobile Support and Treatment Service (Подвижна служба за поддршка и лекување) |
| PDSS | Psychiatric Disability Support Service (Служба за поддршка при психијатриска онеспособеност) |

State Government
Victoria

Department of
Human Services